# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 9
30.06.2020 година

Службен гласник на општина Делчево
Излегува по потреба

Уредува
Одделение за правни и општи работи

ЈУНИ ,2020

[Type here]

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево (“Сл. гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 30.06.2020 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за објавување на акти од 41. седница

на Советот на Општина Делчево

I

Да се објават во „Службен гласник на општина Делчево„ актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на 41. седница која се одржа на ден 29.06.2020 година и тоа:

1. Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2020 до 31.03.2020 година;
2. Одлука за преотстапување во сопственост и владение на возило за чистење на улици DULEVO 850 на ЈКП „Брегалница“-Делчево.
3. Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;
4. Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација – Проект за инфраструктура за нов кабелски 10КВ вод од напојна трафостаница 110/34/10 КВ до столб пред отклон за ТС 10/0,4 КВ Алпинком-општина Делчево;
5. Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект насдвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 на Јован Михаиловски;
6. Одлука за приоритетен проект : „Набавка на противпожарно возило“, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за

подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;

7. **Одлука** за давање согласност на одлуката на Управниот одбој на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево бр.0202-79/3 од 25.06.2020;
8. **Одлука** за утврдување потреба од определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот за акумулација „Лошана“.
9. **Одлука** за финансиски средства.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 1141/1 ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.06.2020 година Градоначалник,

Делчево Горан Трајковски,с.р.

1.Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 41. редовна седница, одржана на ден 29. 06.2020 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Кварталниот извештај

за извршувањето на Буџетот на општина Делчево

за периодот 01.01.2020 до 31.03.2020

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2020 до 31.03.2020.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1129/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

29.06.2020 год. Претседател,

Д е л ч е в о Драган Маневски,с.р.

2.

2.Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр.5/2002),член 21 став 1 и 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (“Службен весник на РМ”бр. 78/15, 106/15,153/15,190/16, и 21/18), Советот на Општина Делчево, на својата 41. редовна седница, одржана на ден 29.06.2020 година, донесе

ОДЛУКА
За преотстапување во сопственост и владение
на возило за чистење на улици DULEVO 850
на ЈКП „Брегалница“ Делчево

Член 1

Општина Делчево го преотстапува на ЈКП „Брегалница“ Делчево во сопственост и владение возилото за чистење на улици DULEVO 850 со број на шасија ZA9850DK00LC38153 и вредност од 4.324.936,00 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1130/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.06. 2020 година Претседател,
Д е л ч е в о Драган Маневски,с.р.

[Type here]

3.Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/05) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), Советот на општина Делчево на својата 41. седница одржана на ден 29.06.2020 година, донесе

ОДЛУКА

За доделување на стипендии на ученици прогласени

за првенци на генерацијата во општинските училишта

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат стипендиии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во учебната 2019/2020 година и тоа на:

1.Првенецот на генерација од ООУ „Ванчо Прке“, Делчево;

2.Првенецот на генерација од ООУ „Св.Климент Охридски“, Делчево;

3.Првенецот на генерација од СОУ „М.М.Брицо“, Делчево

Член 2

Стипендијата учениците ќе ја добиваат 9 (девет) месеци во текот на учебната 2020-2021 во нето износ 3,000,00 денари месечно за првенецот на генерацијата од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево и по 2000,00 денари месечно за првенците на генерацијата од ООУ „Ванчо Прке“ и ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Делчево.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

| | |
|---|---|
| Бр.09- 1131 /1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| 29 .06.2020 год. | Претседател, |
| Делчево | Драган Маневски, с.р. |

4.

Врз основа на член 52 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( „Службен весник на РМ“ 199/2015 ), член 52 точка 2 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Советот на општина Делчево, на својата 41. редовна седница, одржана на ден 29.06.2020 година, донесе

ОДЛУКА

За изработка на Урбанистичко проектна документација- Проект за инфраструктура за нов кабелски 10 КВ вод од напојна трафостаница 110/34/10 КВ Делчево до столб пред отклон за ТС 10/0,4 КВ Алпинком - општина Делчево

Член 1

Оваа Предлог Одлука се однесува на изработка на Урбанистичко проектна документација- **Проект за инфраструктура за нов кабелски 10 КВ вод од напојна трафостаница 110/35/10 КВ Делчево до столб пред отклон за ТС 10/0,4 КВ Алпинком - општина Делчево.**

Член 2

Потребата за изработка **Проект за инфраструктура за нов кабелски 10 КВ вод од напојна трафостаница 110/35/10 КВ Делчево до столб пред отклон за ТС 10/0,4 КВ Алпинком - општина Делчево,** е решавање на долгогодишни проблеми што произлегуваат од преоптоварување на мрежата, безбедност на граѓаните и корисниците и ослободување на површини согласно урбанистичката документација.

Член 3

Одлуката се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива .

Член 5

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09 –1132/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**29.06.2020 год.** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Маневски,с.р.**

5.

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 41. редовна седница, одржана на ден 29.06.2020 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат
Објект – Станбена кука згр. бр. 1 –по барање на Јован Михаиловски

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-383 од 28.07.2011 година, од страна Јован Михаиловски ул. Рударска 7/2-10 М Каменица за бесправно изграден објект, Станбена кука , означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 1889/1 КО Делчево запишана во имотен лист бр. 10696 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09-1133/1
29.06.2020 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски,с.р.

6.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/02), а во согласност со во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Советот на Општина Делчево, на својата 41. редовна седница, одржана на ден 29.06. 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За приоритетен проект : „Набавка на противпожарно возило“, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава поддршка и согласност на општина Делчево за средства обезбедени во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност да се наменат и искористат за проектот **„Набавка на противпожарно возило“.**

**Член 2**

Проектот **„Набавка на противпожарно возило“** , општина Делчево ќе се имплементира преку Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност во рамки на Министерството за финансии.

**Член 3**

Износот на Грантот за успешност е во зависност од вредноста на успешно реализираните под-заеми за имплементација на проектот:
„Подобрување на јавните општински услуги во општина Делчево-Реконструкција на општински улици“ кој е во висина од 32,254,287.42 мкд.

**Член 4**

Вкупната проектирана вредност на проектот е 7.491.824,00 МКД со вклучен ДДВ, Грант средства кои се обезбедени од Компонента В: Грантови за успешност се во висина од 7.191.824,00 МКД, средства во висина од 300.000,00 ќе бидат обезбедени од буџетот на општина Делчево како сопствено учество.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1134/1
29.06. 2020 год.
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски,с.р.

[Type here]

7. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/05) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 41.седница, одржана на ден 29.06.2020 година, донесе

ОДЛУКА

за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на

ОЈУДГ Детска градинка „Весели Цветови“-Делчево

бр.0202-79/3 од 25.06.2020 година

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на

ОЈУДГ Детска градинка „Весели Цветови“-Делчево за ослободување од надоместок на трошоците за престој во Установата што паѓа на товар на родителите.

Член 2

Надоместокот на трошоците за престој во Детската градинка „Весели Цветови“-Делчево којшто е на товар на родителите нема да се наплатува почнувајќи од месец април 2020 т.е. од затворањето на Установата кога беше прекинат воспитно-образовниот процес поради пандемијата на COVID-19, па сè до нејзиното повторно отварање.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1135/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

29.06.2020 година Претседател,

Д е л ч е в о Драган Маневски,с.р.

8.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 96 став 2 од Законот за водите („Сл.весник на РМ" бр.87/2008, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и Барањето на ЈКП „Брегалница"-Делчево бр.09-сл. Од 26.06.2020 година, Советот на Општина Делчево, на својата 41.седница, одржана на ден 29.06.2020 година, донесе

ОДЛУКА

**За утврдување потреба од определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот за акумулација „Лошана"**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од определување на заштитни зони околу акумулација „Лошана" чија вода се користи за водоснабдување на градот Делчево.

Член 2

Се задолжува ЈКП „Брегалница"-Делчево да поднесе барање до Владата на РСМ, за донесување Одлука за определување на заштитни зони околу акумулација „Лошана".

Се задолжува ЈКП „Брегалница"-Делчево да достави **Елаборат** за одредување на границите на заштитните зони, заштитните мерки и други услови за водите наменети за консумирање од човекот, како и **Барање** до Министерството за здравство на РСМ кое согласно законот е надлежно за започнување на постапката за определување на заштитни зони околу водните тела наменети за консумирање од страна на човекот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09-1136/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.06.2020 Претседател,
Делчево Драган Маневски,с.р.

9.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 41.седница, одржана на ден 29.06.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

### За финансиски средства

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 15.000 денари на Љупчо Димитровски од с.Драмче.

Член 2

Средствата ќе бидат искористени за изградба на помошна просторија на гробиштата во с.Драмче.

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2020 година на име Љупчо Димитровски на трансакциска сметка 300057100285428 , Комерцијална банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 –1137/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

29.06.2020 година Претседател,

Делчево Драган Маневски,с.р.

[Type here]